# ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

1 ви мај – меѓународниот ден на трудот, повеќе од 100 години претставува симбол на борбата на работниците за остварување на нивните права за достоинствена работа, за живот, за демократија, за слобода.

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија нема да се приклучи кон славењето на овој ден од многу едноставна причина, бидејќи состојбата на работниците во Македонија не е за славење. Заради тоа, ќе кажеме дека го одбележуваме овој меѓународен ден на трудот, на кој ден во минатото борците за работничките права ги дале и сопствените животи во борбата за остварување на човековите права за 8 часа работа, 8 часа рекреација и 8 часа одмор.

Оваа година  1-ви мај во Македонија се одбележува во посебни услови, кога во светот и кај нас се прогласени вонредни услови од пандемија на вирусот COVID-19. Во вакви вонредни услови на живеење и работа, имаме и вонредни мерки предложени и усвоени од Владата, кои одат во правец на намалување на правата на работниците по однос на нивниот  социо-економски статус, како и правото на нормално живеење, работење, функционирање.

СОНК, во повеќе наврати, бараше од Владата да ги преиспита своите Одлуки и воедно да ги повлече сите оние Уредби коишто се однесуваа за намалување на платите на работниците во јавниот сектор, како и укинување на додатоците на плата, коишто се права загарантирани со закон и колективен договор. СОНК, исто така, жестоко реагира и изразува големо незадоволство од Владата, која што практично без никаков социјален дијалог, со репрезентативните синдикати, особено со СОНК, кој што е убедливо најголем синдикат во јавниот сектор, носи Уредби со кои еднострано ги суспендира, односно ги

прекршува Законот за работни односи, законите за дејности, колективните договори и меѓународните конвенции, кои го гарантираат правото на плата и додатоци на плата на работниците. СОНК стои на својот став дека, дури и во вакви околности, односно и во вонредна состојба на државата, мора да се почитува правото на социјален дијалог и партнерство, особено кога се работи за вакви осетливи прашања, што се однесуваат на социјалната сигурност на работниците. Исто така, не смееме да го премолчиме фактот што веќе една година Комисијата за утврдување на репрезентативност избегнува да се состане и да утврди, согласно фактичката состојба, репрезентативност на национално ниво на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија. Оттука, се поставува прашањето зошто не се дава репрезентативност на КСС и дали има некаков договор помеѓу власта и дел од членовите на оваа Комисија?! Веројатно одговорот ви е познат, а резултат на тоа е вистинскиот синдикат кој се залага за зачувување и подобрување на правата на работниците – КСС, да се дистанцира, замолчи и да не му се даде можност да учествува во таканаречениот Економско-Социјален Совет и на таканаречените преговори со Владата, каде што со тежината на своите аргументи ќе ги оправда своите забелешки, сугестии и предлози, во правец на надминување на оваа исклучително тешка положба за целата држава, за работниците, за работодавачите….

Од тие причини, СОНК упатува барање до Владата, оваа, но и идната, со кои што:

1. Ќе се врати демократијата во синдикалното организирање и дејствување, како и почитување на репрезентативноста на синдикатите.
2. Ќе се подигне социјалниот дијалог и партнерство на највисоко ниво, согласно домашните закони, колективните договори и меѓународните конвенции.
3. Владата да обезбеди мерки, со кои што ќе се сведе на минимум отпуштањето од работа на работниците заради моменталната вонредна состојба.

4. Владата со сериозен пристап да ги разгледа предложените антикризни мерки од Конфедерацијата на слободни синдикати – КСС и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР.
5. Владата, сега и во иднина, да се откаже од намерата за кратење на плати и додатоци на плати на работниците, со што би заштедиле средства, со кои ќе се инвестира во последиците од кризата.
6. Владата да ги искористи сите национални расположливи човечки ресурси, без разлика на партиска припадност, во изнаоѓање на најсоодветни прифатливи решенија за надминување на оваа економска криза.

СОНК е свесен за моменталната ситуација на државата, особено од аспект на нефункционирање на голем дел од приватниот сектор, што предизвикува отпуштање на работници од една страна, како и немање на капацитет за полнење на буџетот, од друга страна. Исто така, свесни сме дека оваа здравствена криза се преточува во светска економска криза, која што несомнено нема да ја заобиколи и нашата држава. Од тие причини, уште еднаш укажуваме на сериозноста на овој проблем и потребата за консензус меѓу политичките субјекти во државата, во однос на изноѓање најдобри економски мерки и решенија, за што е можно побезболно да се надмине кризата. Секако и ние како синдикати се ставаме на располагање, со сиот наш капацитет, заедно здружени и единствени да помогнеме во ваквата ситуација.

Ние сме убедени дека доколку се искористат капацитетите на СОНК и КСС, без се фаворизира некој квази синдикат, кој што од формален карактер се претставува како единствен заштитник на работничките права, тогаш во тој случај ќе имаме многу повеќе шанси за успех и што побезболно излегување од оваа здравствена и економска криза.

Ни престои неизвесен и тежок период, период на отпуштања и економска криза и конечно дојде вистинско време синдикатите во Македонија да го оправдаат името “Синдикат” и цврсто да

застанат во одбрана на работничките права.

**ДА ЖИВЕЕ 1-ВИ МАЈ, ДА ЖИВЕЕ СОНК, ДА ЖИВЕЕ КСС, ДА ЖИВЕЕ МАКЕДОНИЈА – ДА ЖИВЕАТ РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА.**

---

# Новиот претседател на Регионалниот одбор на СОНК – Гевгелија ја одржа својата прва седница

На 01.03.2022 година се одржа прва конститутивна седница на Регионалниот одбор на СОНК – Гевгелија, која беше водена од новиот претседател, Даниела Караманова.

На седницата присуствуваше и претседателот на СОНК,  г-дин Јаким Неделков, кој даде поддршка за синдикалното единство и поддигање на синдикалната свест.

Најмногу внимание се посвети на прашањето за усогласување на платите во градинките, основното и средното образование со минималната плата на национално ниво.

Се донесе заклучок, доколку Владата не излезе во пресрет на барањето за усогласување на платите, Регионалниот одбор на СОНК-Гевгелија ќе го поддржи раководството на СОНК да донесе одлука со која ќе ги заштити интересите на своите членови.

# КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ НА ЈАВНА РАСПРАВА ПРЕД ЧЛЕНСТВОТО НА СОНК

**ОДРЖАНА 27-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК**

На 14-08-2021 година, Советот на СОНК, во проширен состав, ја одржа својата 27-ма редовна седница, на која беа усвоени повеќе Предлог документи за работата на престојниот VII-ми Конгрес на СОНК.

Имено, согласно Статутот на СОНК, Одлуката за одржување на VII-от Конгрес на СОНК и Одлуката за одржување на изборни активности во СОНК на сите нивоа, Советот на СОНК на седницата усвои:

- **Предлог – Извештај за работата на СОНК за периодот од декември 2015 година до септември 2021 година;**
- **Предлог – Програма за активностите на СОНК за периодот од октомври 2021 до октомври 2026 година;**
- **Предлог – Статут за измени и дополнувања на Статут на СОНК;**
- **Предлог – Критериуми за избор на Претседател на СОНК;**
- **Носење Одлука за број и состав на делегати за VII-от Конгрес на СОНК.**

Сите овие документи, најтранспарентно и демократски, впрочем како и досега, ќе бидат на јавна расправа во синдикалните организации на СОНК и секој наш член ќе има право да даде свои забелешки, мислења и предлози по однос на истите. По расправата по овие документи во синдикалните организации на СОНК, која треба да заврши најдоцна до 10-ти септември оваа година, претседателите на регионалните одбори на СОНК, сите

издржани предлози ќе ги сумираат и достават до Советот на СОНК, кои ќе бидат вградени во конечните текстови на документите за VII-от Конгрес на СОНК.

На седницата беа отворени и повеќе прашања од интерес на членовите на СОНК од сите дејности и иницирани повеќе чекори за решавање на истите. Советот на СОНК заклучи дека најитно, во соработка со МОН, треба да се отворат и отпочнат преговори за потпишување на колективни договори за основно и средно образование, кои ќе бидат усогласени во делот на платите со минималната плата на национално ниво. Исто така, беше разговарано да се дојде до договор со преговори, евентуално, со новата концепција во образованието да не се предизвикаат технолошки вишоци, особено во средното образование, како и за исплаќање на прекувремена работа на вработените кои работеа со физичко присуство и имаа зголемен обем на работа.

---

# ОДДРЖАНА ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## ЕДНОГЛАСНО ПОДДРЖАНА ИНИЦИЈАТИВАТА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА КСС

Советот на СОНК , на 24 Ноември 2017 година ја одржа својата осма редовна седница, на која се разгледуваа актуелните состојби во дејностите што ги покрива нашиот Синдикат, како и планирање на следните активности на краткорочен и долгорочен временски период.

Во воведното излагање на претседателот Јаким Неделков беше

укажано дека во изминатиот периодот практично и нема подобрување на релација СОНК и ресорни министерства и министри и покрај нашето искажано писмено незадоволство, како и одржани неколку прес конференции во врска со непостоење на социјалниот дијалог, еднострано кршење на колективните договори со воведувањето на минималната плата, најавеното зголемување на плати во некои дејности и т.н. Исто така, беше кажано дека и Конференцијата на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС), на 16-11-2017 година одржа седница и  расправаше за актуелните состојби во дејностите од јавниот сектор, на која се истакнати неколку клучни Барања кои ќе се достават до Владата на Република Македонија и ресорните министри. Од надлежните институции се бара да започнат итни преговори во врска со предлогот за селективно зголемување на плати во некои дејности во јавниот сектор, примена на колективните договори во целост, отпочнување на преговори за нов Колективен договор во јавниот сектор и други прашања со кои ќе се подобри социјалниот статус на вработените (членови на КСС) во јавниот сектор.

По исцрпната дискусија од страна на членовите на Советот на СОНК , во која што без исклучок сите дискутанти искажаа незадоволство од ваквата состојба, беше прифатена иницијативата на КСС за отпочнување на активности за информирање на членството и подготовка за организирање на Јавен протест, со што јавно ќе се искаже незадоволство на членовите на гранските синдикати. Доколку не се надмине ваквата состојба, синдикатите при КСС ќе продолжат со организирање на други по радикални средства на изразување на незадоволства, вклучувајќи го и штрајкот.

Исто така, Советот на СОНК констатира дека во ваква сложена политичка и економска ситуација, повеќе од неопходно е да се зајакнат синдикалните активности на сите нивоа на организирање, особено да се негува и сочува единството во СОНК, кој е важен предуслов за остварување на целите на членовите на оваа организација.

# НИВЕЛАЦИЈАТА НА ПЛАТИ ВО КУЛТУРАТА ВНЕСУВА ЗАБУНА КАЈ КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЦИ

**НИВЕЛАЦИЈАТА НА ПЛАТИ ВО КУЛТУРАТА ВНЕСУВА ЗАБУНА КАЈ КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЦИ**

Највисокото раководството на СОНК одржа работна средба со претседателите на синдикалните организации на СОНК од дејноста култура, на која се расправаше за најавената нивелација на плати во установите од културната дејност. Во своето воведно обраќање, претседателот Јаким Неделков ги информираше присутните дека СОНК, како репрезентативен синдикат во културната дејност, воопшто не бил консултиран, ниту информиран за начинот и постапката на нивелација на платите, па оттука е и незадоволството во однос на немањето на социјален дијалог на два релевантни социјални партнери, во согласност со домашните закони, како и меѓународните конвенции за социјален дијалог и партнерство. Тој додаде дека го поздравува секој обид на министерството за подобрување на социјално-економската положба на културните работници, но дека без соодветна процедура, без вклучување на СОНК, без транспарентност во работата, сите нивни напори ќе предизвикаат сомнеж во однос на исправноста на нивната одлука. Исто така, го потенцираше и неспроведувањето на процедурата при промена на коефициентите на сложеност на работното место, за кое, како што вели, претставува кривично дело и е тежок прекршок.

Претседателите на синдикални организации беа со различни ставови околу нивелацијата, од која впрочем сите очекуваат соодветно зголемување на платите. Тие подвлекоа дека

очекуваат, она за што долги години се залагаше и го правеше СОНК, а тоа е израмнување на платите по работни места на национално ниво, конечно ќе се оствари. Меѓутоа, дел од дискутантите истакнаа дека од можноста на увид во табеларите со новите коефициенти, зголемувањето ќе биде најголемо само кај носителите на дејност, додека пак кај помошно-техничкиот кадар сосема симболично или воопшто ќе го нема. Дел од носителите на дејност пак, го истакнаа своето задоволство, потенцирајќи дека конечно нешто добро е направено во однос на нивната професија.

На крајот од средбата, беше заклучено дека СОНК и Министерството за култура, во најкраток можен рок, треба да воспостават комуникација, да се разрешат дилемите околу нивелацијата и да се земат во предвид сите конструктивни забелешки кои ќе ги достави нашиот синдикат.

---

# Реакција на Синдикатот за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, во врска со информацијата дека ,,ќе се вработуваат наставници и професори на неопределено

# време”

Владината Одлука за трансформација на работни договори на вработените во образованието, како и насловите на дел од пишаните и електронски медиуми, СОНК ги прифати со голема зачуденост од повеќе причини:

1. Изненадува фактот што во јавноста се пласира информација дека трансформација на работни договори од определено на неопределено време е возможно согласно Законот за работни односи (ЗРО) исклучиво само после 5 години работен стаж. Ова воопшто не е точно, затоа што по иницијатива на СОНК во 2011 година дополнет е ЗРО во овој дел на работни договори и возможна е трансформација после 2 години работен стаж.

2. По иницијатива на СОНК, а со Спогодба помеѓу СОНК, МОН, МТСП и Министерството за култура, уште од 2008 година се формирани Комисии за трансформација на работни договори и до март 2017 година се трансформирани над 9000 работни места во образованието.

3. Непобитен е фактот дека со промена на централната и локалните власти, споменатите комисии за трансформација практично и не функционираат, со што се нарушува континуитетот на трансформации на работни договори после 2 години работен стаж.

СОНК особено реагира на многу ,,силните” наслови во медиумите за Одлуката на Владата на РМ, од причини што се создава впечаток и јавно мислење дека во дејноста образование најголемиот дел од вработените се вработени на определено време, што апсолутно не е вистина.
Исто така, СОНК многу одговорно пристапуваше кон трансформација на работни договори од аспект на создавање на евентуален технолошки вишок, што согласно сегашната информација, искрено стравуваме за неконтролирано трансформирање на работни договори, односно секое вработување

да биде на неопределено време, што не оди во прилог ниту на Министерството за образование, локалните самоуправи како и на нашиот синдикат, доколку имаме производство на технолошки вишоци.
Заради сето ова претходно кажано, СОНК смета дека е непринципиелно и некоректно да се занемари досегашниот принцип на взаемно работење со социјалните партнери (локална самоуправа и МОН) и еднострано да се излегува во јавноста дека МОН со Одлука на Владата на РМ ќе го решава проблемот за трансформација на работни договори од определено на неопределено работно време, што само по себе укажува на не почитување на партнерскиот однос помеѓу двата релевантни социјални партнери. Со самото тоа еднострано се прекршува Спогодбата помеѓу МОН и СОНК од 2008 година.

---

# СОНК УЧЕСТВУВАШЕ НА БАЛКАНСКА СРЕДБА НА СИНДИКАТИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Во организација на хрватскиот синдикат на учителите, на 9 и 10 јули во Цриквеница, Република Хрватска, се одржа работна средба на балканските синдикати за образование, на која што активно учество зема и нашиот синдикат, СОНК. На состанокот беа присутни синдикатите – членки на Интернационалата за образование од земјата домаќин, Хрватска, како и синдикатите од Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија и Македонија. Врз основа на претходно потпишаната Спогодба за соработка и заедничко дејствување, синдикатите усвоија Резолуции со кои што бараат од надлежните органи и влади во сопствените држави да се подобри и подигне статусот на просветните работници, во однос на подобрување на условите за

работа и платата за извршената работа, да го добијат заслуженото место во општеството, со што ќе се врати достоинството на професијата. Репрезентативните синдикати да бидат почитувани како релевантни и рамноправни социјални партнери, особено при планирање на реформи во образованието како и при носење на нови закони или законски решенија.




Синдикалната борба за остварување на зацртаните цели ќе се продолжи со сите расположиви средства и методи што ни стојат на располагање и повеќе десетици илјади членови на нашите синдикати се спремни за заедничка акција. За тоа имаме и силна подршка од Европскиот комитет на синдикатите за образование, Европската Конфедерација на синдикатите за образование како и Интернационалата за образование.

---

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## СОВЕТОТ НА СОНК ЕДНОГЛАСНО ОДЛУЧИ ДА СЕ

# ОРГАНИЗИРААТ ЈАВНИ ПРОТЕСТИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија (СОНК), на редовната седница одржана на 01-02-2015 год. едногласно ги донесе следниве

З А К Л У Ч О Ц И

1. Напорите на Советот на СОНК, согласно законите на Р. Македонија и меѓународните конвенции, низ социјален дијалог со социјалните партнери за да се изнајде заедничко решение по барањата на СОНК, кои се причина за Генералниот штрајк и понатаму не резултираат, поради неприфатливиот и неаргументиран однос и основ на ресорните министерства
   Согласно ваквите непроменети состојби Советот заклучи: – Генералниот штрајк да продолжи со одржување и во наредниот период.

1. Со цел да се упати нова и поенергична легитимна порака до социјалните партнери, Советот одлучи на 04-02-2015 год.(среда) во општините кои ги опфаќаат регионалните одбори на СОНК, да се организираат ј а в н и п р о т е с т и, преку кои дополнително ќе се манифестира одлучноста на членството на СОНК да истрае во легитимната борба за остварување на своите барања.
   Советот им препорачува на регионалните одбори на СОНК да им овозможат учество на јавните протести на сите полнолетни граѓани, кои ќе изразат лична подршка на барањата на просветните и културните работници, членови на СОНК.
   Советот ги задолжува регионалните одбори на СОНК да ги превземат сите неопходни подготовки за организирање и одржување на мирни и достоинствени протести.

1. Доколку ресорните министерства и Владата на Р.Македонија не пристапат кон одговорен социјален дијалог со раководството на СОНК за договарање на взаемно прифатливи решенија по барањата, најдоцна до 04-02-2015 год., во тој случај Советот на СОНК заклучи да се организира – **Ц е н т р а л е н п р о т е с т** пред ресорните министерства и Владата на Р. Македонија на 06-02-2015 год (петок), со учество на сите членови на СОНК кои ја подржуваат Одлуката за штрајк, како и сите полнолетни граѓани кои изразуваат подршка на легитимните барања на СОНК.

1. Советот и на оваа седница ја потврди целосната подготвеност за максимално коректен и конструктивен однос и подготвеност за социјален дијалог со ресорните министерства, со застапување на легитимните интереси на членството, изразени преку непосредно изјаснување на истите.

1. Овие Заклучоци влегуваат во сила со денот на нивното усвојување.

Претседател
Јаким Неделков

---

# ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА РЕДОВНИ ИЗБОРИ ВО СОНК

**ОДРЖАНА 26-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК**

Највисокиот орган на СОНК, Советот на СОНК во проширен состав, на својата редовна 26-та седница, која се одржа на 16.06.2021

година, по извршените детални анализи, донесе Одлуки за распишување на редовни избори во СОНК на сите нивоа.

Имено, водејќи сметка во услови на пандемија, која недозволуваше да се одржат редовните изборни активности во 2021 година, Советот на СОНК имаше донесено Одлука за пролонгирање на изборите во СОНК на сите нивоа, донесена на 23-та редовна седница, која се одржа на 04.09.2020 година. Ценејќи ги сегашните услови кога пандемијата е во опаѓање, Советот на вчерашната седница оцени дека Одлуката за пролонгирање на изборите на сите нивоа, треба да се стави вон сила , со што се создаваат можности за распишување на редовни избори во СОНК.

Согласно Статутот на СОНК, Советот едногласно ги донесе следниве Одлуки:

-Одлука за одржување на VII-от редовен Конгрес на СОНК, кој ќе се одржи во месец октомври 2021 година;

-Одлука за датум и место на одржување на VII-от редовен Конгрес на СОНК, за кој Советот одлучи истиот да се одржи на ден 16.10.2021 во Скопје;

-Одлука за распишување на избори во синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, кои активности во синдикалните организации треба да започнат на 18.10.2021 година, а да завршат најдоцна до 01.12.2021 година. Активностите во регионалните одбори да започнат на 01.12.2021 година, а да завршат најдоцна до 20.12.2021 година и

-Предлог дневен ред за работата на VII-от редовен Конгрес на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК.

Советот оцени дека за одржување на состаноците во синдикалните организации и регионалните одбори, потребен е краток Извештај за работата на СОНК, за мандатен период од декември 2015 до јуни 2021 година, којшто ќе им биде од помош на претседателите

за реализација на состаноците. На овие состаноци, кои треба да се одржат во наредниов период, освен Извештајот, пред членството треба да се презентираат и донесените Одлуки од страна на Советот на СОНК.

---

# ПИСМО ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС – КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

**Почитуван г-не Претседател,**

Ви се обраќаме во врска со договорот што го направивме на средбата кај Вас, во својство на Градоначалник на град Скопје. Ја користиме и оваа прилика, најсрдечно да Ви се заблагодариме за исклучителниот и пријателски разговор на споменатата средба.

Обраќањево што го правиме кон Вас, во својство на Претседател на ЗЕЛС е во врска со неколку прашања со кои се соочени вработените, пред се во образованието, а ние во името на нашите над 30.000 членови во сите установи од образованието, науката и културата. Станува збор за прашања, а некои можат да се третираат и како проблеми и чие решавање е во надлежност на единиците на локалните самоуправи.

Имено, најгорлив проблем е во одредени општини, нерешеното прашање за организиран бесплатен превоз на вработените, пред се во основните училишта кои се во руралните средини, а вработените во истите и особено наставничкиот кадар се со место на живеење во поблиските градови. Потсетуваме, дека до 2009 година им се исплаќаа посебни реални трошоци за превоз од местото на живеење до училиштето и назад. Но, со воведување на системот на бруто плата, такви надоместоци повеќе не постојат. Тоа реално создаде состојби тие вработени да мораат

да издвојуваат значаен дел од својата плата, за да ги покријат трошоците за превоз до училиштата, што сме сигурни дека ќе прифатите дека не е прифатливо, бидејќи не е правично. Законот дава можност, работодавецот да може да организира бесплатен превоз за ваквиот дел од вработените. Токму тоа, во добар дел од општините го имаат направено и тоа со превозот за учениците, а некаде и со обезбедување на превоз на дел од вработените, на сметка на Општината. Останати се само неколку општини, кои овој проблем го немаат решено ( за некои од нив , Ве информиравме на споменатата работна средба кај Вас).

Нашите очекувања и молба до Вас,  се Вие како Претседател на ЗЕЛС, во рамките на надлежностите на оваа Заедница (секако во договор со градоначалниците на општините), овој проблем да биде решен и во последната општина, каде што истиот постои.

Второто прашање, за кое очекуваме ЗЕЛС да превземе соодветни активности е во врска со решавањето на технолошкиот вишок, кога ќе се појави во основните и средните училишта и тоа по било кој основ. Ние сме запознаени дека во случај на технолошки вишок во училиштата, се прават напори за решавање на истите, но само во рамките на училиштата во конкретната општина. Но, има одредени случаи каде што во училиште кое се наоѓа на подрачје сосема блиску каде што почнува друга општина ( што би се рекло, веднаш преку улица), да примат нов вработен, наместо да се прими вработениот кој е прогласен за технолошки вишок во училиштето од другата општина. Според наше мислење, вработените во образованието вршат работа од заеднички интерес на државата и додатно од тие причини треба за споменатите случаи, околу прашањето за нивниот работен однос, да немаат посебно значење општинските граници.

Убедени сме, Вие како Претседател на ЗЕЛС со целиот Ваш авторитет, можете многу да допринесете во надминување на појавите каде одредени градоначалници, овој проблем го третираат чисто од интерес на својата општина.

Трето, сакаме да го изразиме задоволството, за воспоставениот

социјален дијалог и социјално партнерство помеѓу надлежните претставници на регионалните одбори на СОНК и претставниците на Локаната самоуправа на општините кои ги опфаќаат регионални одбори, што е од голем взаемен интерес за разрешување на голем дел на прашања од надлежност на Локалната самоуправа и Синдикатот.

Наша желба и заеднички интерес е овие релации и понатаму да се одржуваат и подигаат на повисоко ниво.

Ве замолуваме околу овие прашања, на начин за кој Вие ќе одлучите, да ги информирате органите на ЗЕЛС и секако во одредени прилики и поединечно со одредени градоначалници, за прашања и проблеми од соодветната општина.

Примете ги нашите најискрени поздрави и најубави желби,